МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Април 2010

БРОЈ 104

## Трета седница на Советот на МЦМС



На 21 април 2010 година се одржа третата седница на Советот на МЦМС. Членовите на Советот за претседавач на седницата го избраа Ѓунер Исмаил.

Сашо Клековски, првиот извршен директор на МЦМС го презентираше Деловниот со финансискиот извештај за 2009 година.

Со финансискиот извештај беше презентирано и независното ревизорско мислење, подготвено од страна на ревизорската куќа Дилојт.

Ревизорите во мислењето констатираат дека финансиските извештаи на МЦМС реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба како и резултатите од работењето. Ревизијата е направена според Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Во дискусијата што следуваше, членовите на Советот се интересираа за понатамошната соработка со Меѓурелигискиот совет и воопшто понатамошните активности на МЦМС со верските заедници, за презентацијата на МЦМС во јавности преку медиумите, за соработката на МЦМС со Заедницата на општини на Норвешка итн.

Членовите на Советот изразија задоволство од постигнатите резултати на МЦМС во 2009 година и го усвоија Деловниот и финансискиот извештај за 2009 година.



# Какви се европските искуства во борбата против дискриминацијата




*Учесниците на студиската посета пред зградата на Европската комисија*

МЦМС, во соработка со граѓанската организација ECAS од Брисел, од 14 до 17 април организираше студиска посета во Брисел (Белгија). Целта беше да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации и државните институции за борба против дискриминацијата. Во посетата учествуваа 12 претставници на Министерството за правда, Народниот правобранител, Секретаријатот за европски прашања, Македонскиот институт за медиуми, ХДЗР „Месечина", Полио Плус, МЦМС, АДИ- Гостивар и Првата детска амбасада во светот-Меѓаши.

Во текот на тридневната студиска посета учесниците имаа можност да го посетат Телото за еднаквост во Брисел (Белгиски центар за еднакви можности), Европската комисија (Општата управа за проширување и Општата управа за вработување), Европскиот парламент (Интергрупата која се залага за ЛГБТ правата), како и граѓански организации кои работат во областа на заштитата од дискриминација и промовирање на еднаквоста – Европска мрежа против расизам (European Network Against Racism), Европска платформа за постари лица (AGE European Older People's Platform), Европскиот форум за лица со хендикеп (European Disability Forum), Меѓународната асоцијација на геј и лезбејки во Европа (ILGA) и Европската информативна канцеларија на Ромите (European Roma Information Office).

Учесниците се запознаа со инструментите на Европската унија за заштита од дискриминација и со подготовките за новата директива која ќе ја направи заштитата од дискриминација обврзувачка во сите области, не само во вработувањето. Имаа можност да ги слушнат искуствата и проблемите со кои се соочувало и сеуште се соочува Белгиското тело за еднаквост.

Учесниците беа задоволни од реализираните средби и воспоставените контакти со нивните колеги кои работат на полето на недискриминација во Белгија и пошироко во ЕУ. Тие истакнаа дека знаењата со кои се стекнаа за време на оваа посета ќе им бидат од клучно значење во борбата против дискриминацијата во Република Македонија и формирањето на тело за еднаквост во нашата земја.

Студиската посета е дел од проектот „Македонија без дискриминација" кој заеднички го спроведуваат ХДЗР „Месечина", МЦМС и седум други граѓански организации.

## Добри практики во партиципативното буџетирање во Албанија



*Од посетата на Фондацијата Сорос во Албанија*

МЦМС во партнерство Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар, од 6 до 9 април, во Тирана, Република Албанија, организираше студиската посета на тема партиципативно буџетирање. Учесници на обуката беа единаесет претставници од Собранието и Владата на Република Македонија, локалната самоуправа, Универзитетот „American College" и неколку граѓански организации.

Целта на студиската посета беше да им се овозможи на учесниците да се запознаат со најдобрите практики за партиципативен пристап во набљудувањето и оценката на буџетскиот процес во Република Албанија. Релевантните државни институции и граѓански организации на учесниците им ги претставија правната регулатива и искуствата при имплементацијата на партиципативното буџетирање на национално и локално ниво.

Учесниците го посетија Здружението на општините на Албанија. Таму им беше претставено функционирањето на локалната самоуправа, системот на регионите и општините, изворите на финансирање на општините и новините во законодавство. Домаќините организираа и посета на Парламентот и средби со претставници од парламентарната Комисија за економија и финансии. Во Министерството за финансии на учесниците им беше претставен процесот на подготовка на буџетот и новиот пристап кон програмски буџетски процес.

Дел од добрите практики беа во граѓанскиот сектор. Учесниците го посетија Институтот за урбано истражување кој во соработка со Светската банка го имплементираше партиципативно буџетирање во три локални заедници. Го посетија и Институтот за научно истражување „Co-Plan". Таму беше презентиран процесот на партиципативно урбано планирање.

# Два важни закони за граѓанското општество



На својата 100-та седница, Собранието на Република Македонија, ги донесе Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) и Законот за спречување и заштита од дискриминацијата (ЗСЗД). МЦМС беше вклучен во подготовката и во дебатата за двата закони. Мислењата на МЦМС за ЗЗФ и за ЗСЗД претходно ги објавивме на нашата веб страна.

Главните новини што ги носи Законот за здруженија и фондации се гледаа во: проширувањето на правото и слободата на здружување, намалувањето на товарот врз здруженијата во смисла на задолжителен број органи, подобрувањето на мерките за генерирање приходи, придонесот кон доброто управување и транспарентноста, појаснувањето на одредбите низ поимник, ориентираноста кон решавање проблеми од праксата итн.

Што се однесува до Законот за спречување и заштита од дискриминација, тоа е првиот општ закон за недискирминација и нуди сеопфатна регулација на прашањето. Една од значајните работи што ги пропишува Законот е формирањето Комисија за заштита од дискриминација која ќе биде независно тело за следење на дискриминацијата.

# Годишен извештај за 2009 година

Како секоја, така и оваа година, МЦМС ги објави резултатите од работењето во 2009 година објавувајќи го деловниот со финансискиот извештај и ревизорското мислење. Во 2009 година МЦМС реализираше 27 проекти и буџет од 88 милиони денари.

# Започна анкетирањето на граѓанските организации



*Од обуката на анкетарите*

МЦМС го започна истражувањето Цивикус – Индекс на граѓанското општество за Република Македонија. Целта на истражувањето е да собере и сподели корисни и релевантни информации за состојбата со граѓанското општество.

Една од активностите е анкетата со граѓанските организации. Анкетата се спроведува преку интервјуа со претставници на граѓанските организации. Интервјуто е засновано на прашалник и трае најмногу половина час. МЦМС ангажираше анкетари што ќе ги спроведуваат интервјуата.

МЦМС ве покануva да се вклучите во анкетата. Доколку не бидете контактирани, а сакате да учествувате, испратете ни порака или јавете му се на анкетарот кој е одговорен за вашето место/регион. Претставникот на вашата организација кој ќе одговара на интервјуто треба да биде овластено лице кое е запознаено со повеќето аспекти на организацијата и граѓанското општество.

МЦМС за прв пат го спроведе овој меѓународен акциско-истражувачки проект во периодот 2004 – 2006 година, од кој произлезе сеопфатниот извештај за состојбата со граѓанското општество „По 15 години транзиција – од стабилизација кон граѓанско учество".

# Слободата на здружување како доказ за демократичноста



*Од одбраната на магистарскиот труд*

Во почетокот на април 2010 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први", во Скопје, успешно беше одбранет магистерскиот труд „Слободата на здружувањето како човеково право во демократијата" на кандидатката Емина Нурединоска.

„Преку разработувањето на оваа тема сакав да ги согледам и потенцирам аспектите важни за слободата на здружувањето и тоа историскиот и секако актуелниот аспект", вели Емина. „Слободата на здружувањето најчесто се опишува како доказ за достигнувањата на демократијата и ова е едно од централните и право од првата генерација на човекови права кои ја изразуваат основата на либералната концепција на демократијата воопшто", додава таа.

Трудот ја разгледува и анализира слободата на здружување низ три поглавја: слобода на здружувањето воопшто и во меѓународни рамки, слобода на здружување во Македонија и зголемување на културните разлики во демократските општества – мултикултурализмот, интегрирањето и слободата на здружување.

Граѓанскиот сектор доби квалитетна анализа на слободата на здружувањето која освен теоретските аспекти го прифаќа и предизвикот на анализирање на праксата низ пресудите на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Се очекува овој труд наскоро да биде публикуван и на тој начин овие анализи станат подостапни за заинтересираните.

# Искуствата на Северна Ирска - втора студиска посета



*Од првата студиска посета - делегацијата од С.Ирска на средба со министерката за внатрешни работи*

Претставници на Собранието на РМ, на Министерството за внатрешни работи, на Народниот правобранител на РМ, на Управата за извршување санкции, Правниот факултет „Јустинијан I" и на граѓанските организации во текот на мај ќе ја посетат Северна Ирска. Ова е втората студиска посета во рамките на проектот „Мост" – граѓанско лидерство преку меѓународен дијалог.

Учесниците на студиската посета ќе ги посетат полициската служба, Одборот за условно казнување, Комисијата за спроведување на правдата, Полицискиот правобранител и неколку организации кои работат на полето на помирувањето и разрешувањето конфликти.